# ANALYSES OF THE TRADE RELATIONS BETWEEN THE REPUBLIC OF MACEDONIA AND THE REPUBLIC OF BULGARIA

**Emilija Miteva-Kacarski**
"Goce Delcev" University-Stip, Republic of Macedonia emilija.miteva@ugd.edu.mk
**Vlatko Paceskoski**
"Goce Delcev" University-Stip, Republic of Macedonia vlatko.paceskoski@ugd.edu.mk
**Blagica Koleva**
"Goce Delcev" University-Stip, Republic of Macedonia blagica.koleva@ugd.edu.mk

**Abstract:** Bulgaria is an important trading partner of the Republic of Macedonia. The trade exchange between the Republic of Macedonia and the Republic of Bulgaria is at an enviable level. Taking into account this fact, in this paper it has been made an analysis of the value, dynamics and structure of the foreign trade between the Republic of Macedonia and Bulgaria for the time period of 2006-2015. It has been also analyzed the competitiveness of Macedonian products at the Bulgarian market so that the product categories with a comparative advantage can be determined, using the Standard International Trade Classification and the Balassa Index. The results of the analysis point to the fact the Republic of Macedonia has a comparative advantage in the export of crude materials, except fuels, chemical and related products and beverages and tobacco.
**Keywords:** The Republic of Macedonia, The Republic of Bulgaria, foreign trade, comparative advantage, Balassa Index.

# АНАЛИЗА НА ТРГОВСКИТЕ РЕЛАЦИИ МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА

**Емилија Митева-Кацарски**
Универзитет "Гоце Делчев" Штип, Република Македонија emilija.miteva@ugd.edu.mk
**Влатко Пачешкоски**
Универзитет "Гоце Делчев" Штип, Република Македонија vlatko.paceskoski@ugd.edu.mk
**Благица Колева**
Универзитет "Гоце Делчев" Штип, Република Македонија blagica.koleva@ugd.edu.mk

**Резиме:** Бугарија е важен трговски партнер на Република Македонија. Трговската размена меѓу Република Македонија и Република Бугарија е на завидно ниво. Имајќи го предвид тој факт, во овој труд е направена анализа на вредноста, динамиката и структурата на надворешнотрговската размена меѓу Република Македонија и Република Бугарија за временскиот период 2006-2015 година. Анализирана е и конкурентноста на македонските производи на бугарскиот пазар заради утврдување на категориите на производи со компаративна предност преку користење на Балаша индексот и Стандардната меѓународна трговска класификација. Резултатите од анализата укажуваат на фактот дека Република Македонија поседува компаративна предност во извозот на суровини (кои не се храна), освен гориво, хемиски и слични производи како и тутун и пијалоци.
**Клучни зборови**: Република Македонија, Република Бугарија, надворешнотрговска размена, компаративна предност, Балаша индекс.

## 1. ВОВЕД

Бугарија е во првите десет држави со кои Република Македонија реализира интензивна соработка. Анализата на надворешно трговската размена меѓу двете земји, укажува на константен трговски дефицит на македонска страна. За зголемување на обемот на трговска размена меѓу двете земји, потребно е подобрување на инфраструктурата, воспоставување директни авио и железнички врски, зголемување и забрзување на проодноста на стоките на границите, како и олеснување на административно царинските процедури. Комплетното железничко поврзување со Бугарија би требало да се реализира преку изградба на делницата од железничката пруга кон Бугарија (проект кој делумно е финансиран од ЕУ), со што Македонија и Бугарија би биле железнички поврзани на Коридорот 8. Постојат потенцијални можности за

деловна соработка меѓу двете земји преку реализирање на проекти за заеднички производ со повисоки вредности и заеднички настап на компании од двете држави кои имаат компатибилни техничко-технолошки капацитети за учество на трети пазари.

## 2. ТРГОВСКАТА РАЗМЕНА МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА

Согласно расположливите податоци од Државниот завод за статистика на Република Македонија, Бугарија се вбројува во групата на петте најзначајни извозни партнери на Република Македонија, за временскиот период 2012-2015 година, како што е прикажано на графиконот 1:

Графикон 1. Пет најзначајни извозни партнери на Република Македонија во периодот 2012-2015




Извор: State statistical office of the Republic of Macedonia, Commodity international exchange of the Republic of Macedonia [Online]. Available from: http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=14&rbrObl=23

Надворешно трговската размена меѓу Репбулика Македонија и Република Бугарија е презентирана во табела 1:

Табела 1. Трговската размена меѓу Република Македонија и Република Бугарија (во илјади долари)

| | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 |
|---|---|---|---|---|---|
| Извоз | 130 871 | 243 912 | 379 294 | 216 945 | 294 035 |
| Увоз | 251 330 | 271 128 | 327 920 | 244 312 | 301 962 |
| Вкупно | 382 201 | 515 040 | 707 214 | 461 257 | 595 997 |
| Суфицит/Дефицит | -120 459 | -27 216 | 51 374 | -27 367 | -7 927 |
| Покриеност на увозот со извоз | 52.071 | 89.961 | 115.666 | 88.798 | 97.374 |
| | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** |
| Извоз | 308 616 | 287 163 | 325 665 | 327 858 | 271 910 |
| Увоз | 457 883 | 407 837 | 367 176 | 384 523 | 341 184 |
| Вкупно | 766 499 | 695 000 | 692 841 | 712 381 | 613 094 |
| Суфицит/Дефицит | -149 267 | -120 674 | -41 511 | -56 665 | -69 274 |
| Покриеност на увозот со извоз | 67.400 | 70.411 | 88.694 | 85.263 | 79.695 |

Извор: State statistical office of the Republic of Macedonia, Commodity international exchange of the Republic of Macedonia [Online]. Available from: http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=14&rbrObl=23

Анализирајќи ги презентираните параметри во табела 1, се доаѓа до констатацијата дека 2011 година е рекорден показател за динамиката на македонско-бугарската трговска размена. Меѓусебната трговска размена во 2011 година изнесува 766 милиони американски долари. Приоритетите на Македонско-бугарската стопанска комора се трговската размена меѓу двете земји во 2017 година да достигне една

милијарда американски долари. Анализата на надворешно трговската размена меѓу двете земји, укажува на константен трговски дефицит на македонска страна, со исклучок на 2008 година кога е регистриран трговски суфицит во износ од 51 милијарда американски долари[18].

Согласно Стандардната меѓународна трговска класификација –ревизија 4, извозот од Република Македонија во Бугарија во апсолутни износи, е прикажан во табела 2:

Табела 2. Извоз од Република Македонија во Република Бугарија (во илјади долари)

| **Производи** | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 |
|---|---|---|---|---|---|
| Храна и живи животни | 5 886 | 13 984 | 14 605 | 10 493 | 16 008 |
| Пијалаци и тутун | 3 753 | 16 503 | 17 701 | 30 338 | 23 152 |
| Суровини (кои не се храна) освен гориво | 37 893 | 66 934 | 157 092 | 95 765 | 159 648 |
| Минерални горива, мазива и сродни производи | 117 | 32 | 26 | 60 | 109 |
| Животински растителни масла, масти и восоци | 0 | 0 | 0 | 848 | 1 479 |
| Хемиски и сродни производи | 10 355 | 15 642 | 26 953 | 20 305 | 18 516 |
| Производи класирани според материјалот | 66 723 | 117 318 | 141 119 | 43 610 | 60 475 |
| Машини и транспортни уреди | 5 525 | 8 044 | 13 397 | 7 603 | 4 882 |
| Разни готови производи | 580 | 5 431 | 8 396 | 7 920 | 9 744 |
| Стоки и трансакции некласирани на друго место во СМТК | 38 | 24 | 3 | 1 | 23 |
| Вкупно | 130 871 | 243 912 | 379 294 | 216 945 | 294 035 |
| **Производи** | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
| Храна и живи животни | 16 582 | 11 130 | 12 883 | 17 785 | 14 457 |
| Пијалаци и тутун | 10 691 | 12 458 | 20 305 | 21 892 | 11 840 |
| Суровини (кои не се храна) освен гориво | 183 360 | 169 385 | 184 406 | 172 584 | 142 294 |
| Минерални горива, мазива и сродни производи | 1 561 | 371 | 1 263 | 536 | 319 |
| Животински растителни масла, масти и восоци | 2 | 6 | 152 | 777 | 780 |
| Хемиски и сродни производи | 24 172 | 23 062 | 34 567 | 38 192 | 26 253 |
| Производи класирани според материјалот | 52 055 | 46 968 | 50 219 | 41 335 | 43 984 |
| Машини и транспортни уреди | 8 788 | 13 302 | 9 608 | 13 620 | 12 522 |
| Разни готови производи | 11 404 | 10 454 | 11 928 | 20 056 | 19 452 |
| Стоки и трансакции некласирани на друго место во СМТК | 2 | 27 | 335 | 1 082 | 11 |
| Вкупно | 308 616 | 287 163 | 325 665 | 327 858 | 271 910 |

Извор: State statistical office of the Republic of Macedonia, Commodity international exchange of the Republic of Macedonia [Online]. Available from: http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=14&rbrObl=23

Како што може да се види од табелата, доминантно учество во структурата на извозот од Република Македонија во Република Бугарија имаат категориите: суровини (кои не се храна), освен гориво (што се должи на зголемениот извоз на руди на олово и концентрати, руди на цинк и концентрати и руди на бакар и концентрати), производи класирани според материјалот (што се должи на зголемениот извоз на производи од железо и челик), хемиски и сродни производи (што се должи на зголемениот извоз на лекови) како и тутун и пијалоци (што се должи на зголемениот извоз на тутун и вино од свежо грозје).

Увозот, пак во Република Македонија од Република Бугарија за периодот 2006-2015 година, расчленет по категории на производи во апсолутни износи, е прикажан во табела 3:

[18] State statistical office of the Republic of Macedonia, *Commodity international exchange of the Republic of Macedonia* [Online]. Available from: http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=14&rbrObl=23

Табела 3. Увоз во Република Македонија од Република Бугарија (во илјади долари)

| **Производи** | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 |
|---|---|---|---|---|---|
| Храна и живи животни | 12 946 | 17 886 | 19 603 | 16 469 | 14 545 |
| Пијалаци и тутун | 732 | 1 179 | 1 752 | 1 007 | 1 533 |
| Суровини (кои не се храна) освен гориво | 25 596 | 42 461 | 79 344 | 44 443 | 57 362 |
| Минерални горива, мазива и сродни производи | 77 180 | 59 203 | 39 608 | 37 908 | 73 587 |
| Животински растителни масла, масти и восоци | 7 999 | 7 321 | 19 511 | 10 491 | 25 490 |
| Хемиски и сродни производи | 27 314 | 30 367 | 37 246 | 23 184 | 16 716 |
| Производи класирани според материјалот | 68 683 | 71 140 | 83 033 | 77 228 | 78 570 |
| Машини и транспортни уреди | 16 237 | 20 627 | 26 091 | 17 043 | 16 576 |
| Разни готови производи | 14 360 | 20 116 | 20 572 | 15 724 | 17 307 |
| Стоки и трансакции некласирани на друго место во СМТК | 283 | 829 | 1 161 | 815 | 274 |
| Вкупно | 251 330 | 271 128 | 327 920 | 244 312 | 301 962 |
| **Производи** | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
| Храна и живи животни | 24 762 | 26 661 | 21 953 | 18 066 | 17 873 |
| Пијалаци и тутун | 2 052 | 1 041 | 2 719 | 1 957 | 1 032 |
| Суровини (кои не се храна) освен гориво | 85 417 | 34 564 | 10 810 | 26 326 | 18 611 |
| Минерални горива, мазива и сродни производи | 133 670 | 157 205 | 140 449 | 146 284 | 108 754 |
| Животински растителни масла, масти и восоци | 37 458 | 36 786 | 29 943 | 23 597 | 30 595 |
| Хемиски и сродни производи | 20 859 | 20 499 | 24 660 | 27 810 | 27 841 |
| Производи класирани според материјалот | 104 630 | 85 700 | 93 817 | 91 764 | 89 634 |
| Машини и транспортни уреди | 25 076 | 22 725 | 20 614 | 24 186 | 20 812 |
| Разни готови производи | 23 516 | 22 302 | 21 799 | 23 461 | 25 491 |
| Стоки и трансакции некласирани на друго место во СМТК | 444 | 354 | 411 | 1 072 | 543 |
| Вкупно | 457 883 | 407 837 | 367 176 | 384 523 | 341 4 |

Извор: State statistical office of the Republic of Macedonia, Commodity international exchange of the Republic of Macedonia [Online]. Available from: http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=14&rbrObl=23

Согласно податоците од Државниот завод за статистика презентирани во оваа табела, Република Македонија од Република Бугарија најмногу увезува нафта и нафтени масла добиени од битуменозни минерали (класифицирани во категоријата минерални горива, мазива и сродни производи), електрична енергија (класифицирана во категоријата минерални горива, мазива и сродни производи), природен гас во гасовита состојба (класифициран во категоријата минерални горива, мазива и сродни производи) како и шипки и прачки од железо и нелегиран челик (класифицирани во категоријата производи класирани според материјалот).

## 3. КОМПАРАТИВНА ПРЕДНОСТ ВО ТРГОВСКАТА РАЗМЕНА МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И БУГАРИЈА

Заради утврдување на категориите на производи со компаративна предност во трговијата меѓу Република Македонија и Република Бугарија, е применета формулата на Balassa (1965)[19], при што Балаша индексот е пресметан како однос меѓу учеството на одреден производ во извозот на земјата во друга земја, со учеството

[19] Balassa. B, *Trade liberalization and revealed comparative advantag*e. The Manchester School of Economic and Social Studies, (1965).

на тој производ во вкупниот извоз на земјата, со користење на Стандардната меѓународна трговска класификација т.е.:

$$BI = \frac{x_{ij}^{k} / X_{ij}}{x^{k} / X_{j}}$$

каде:

$x_{ij}^{k}$ - извоз од земјата $i$ во земјата $j$ на производот $k$

$X_{ij}$ - вкупен извоз од земјата $i$ во земјата $j$

$x^{k}$ - вкупен извоз на производот $k$

$X_{i}$ - вкупен извоз од земјата $i$

.

Резултатите од пресметката со примена на Балаша индексот се прикажани во табела 4:

Табела 4. Компаративна предност во трговската размена меѓу Република Македонија и Република Бугарија

| **Производи** | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 |
|---|---|---|---|---|---|
| Храна и живи животни | 0.563673 | 0.778187 | 0.498050 | 0.461873 | 0.555077 |
| Пијалаци и тутун | 0.357709 | **1.096989** | 0.851074 | **1.921625** | **1.302847** |
| Суровини (кои не се храна) освен гориво | **6.155729** | **5.464746** | **6.075964** | **6.882270** | **6.998921** |
| Минерални горива, мазива и сродни производи | 0.009595 | 0.002697 | 0.000870 | 0.003691 | 0.004827 |
| Животински растителни масла, масти и восоци | 0 | 0 | 0 | **1.296632** | **1.491438** |
| Хемиски и сродни производи | **1.898510** | **1.637486** | **1.566102** | **1.471740** | 0.552757 |
| Производи класирани според материјалот | **1.442208** | **1.080173** | 0.926344 | 0.705748 | 0.695690 |
| Машини и транспортни уреди | 0.859315 | 0.739411 | 0.756230 | 0.619220 | 0.279901 |
| Разни готови производи | 0.017489 | 0.094551 | 0.098938 | 0.132706 | 0.154744 |
| **Производи** | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
| Храна и живи животни | 0.644499 | 0.458252 | 0.465558 | 0.692522 | 0.709907 |
| Пијалаци и тутун | 0.660178 | 0.732790 | 0.992342 | **1.484910** | **1.227126** |
| Суровини (кои не се храна) освен гориво | **9.223269** | **8.935151** | **8.748812** | **9.750528** | **10.949367** |
| Минерални горива, мазива и сродни производи | 0.058062 | 0.020067 | 0.156640 | 0.093176 | 0.086319 |
| Животински растителни масла, масти и восоци | 0.001626 | 0.005396 | 0.206504 | 0.961320 | 0.640082 |
| Хемиски и сродни производи | 0.469428 | 0.473434 | 0.544491 | 0.548731 | 0.427735 |
| Производи класирани според материјалот | 0.612450 | 0.632422 | 0.642976 | 0.650307 | 0.913575 |
| Машини и транспортни уреди | 0.360603 | 0.466179 | 0.221887 | 0.197475 | 0.186586 |
| Разни готови производи | 0.197818 | 0.187559 | 0.190810 | 0.330057 | 0.411433 |

Извор: Пресметка на авторите.

Во периодот од 2006 до 2015 година, Република Македонија има континуирана и релативно висока компаративна предност во размената со Република Бугарија во категоријата суровини (кои не се храна), освен гориво, што се должи на зголемениот извоз на руди на бакар и концентрати и руди на олово и концентрати. Од 2009 година, компаративна предност е регистрирана и кај категоријата пијалоци и тутун, што се должи на зголемениот извоз на тутун, неизжилен како и вино од свежо грозје. Од 2006 до 2009 година, компаративна предност е регистрирана и во секторот хемиски и сродни производи, што се должи на зголемениот извоз на лекови од овој сектор.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Подобрувањето на инфраструктурата, намалување на трошоците за транспортните услуги, интензивирање на извозот во металниот и рударскиот сектор, како и во фармацевтската индустрија, се клучен фактор за зголемување на соработката меѓу македонските и бугарските бизнисмени. Емпириските анализи укажуваат на континуиран трговски дефицит на македонска страна во трговската размена со Република Бугарија. Во анализираниот временски период (2006-2015), Република Македонија има изразена компаративна предност во трговската размена со Република Бугарија во неколку сектори и тоа: секторот суровини (кои не се храна), освен гориво (континуирана компаративна предност во анализираниот временски период), секторот пијалоци и тутун како и секторот хемиски и сродни производи. Пресметаната компаративна предност се потврдува со зголемениот извоз на руди на олово и концентрати, руди на цинк и концентрати и руди на бакар и концентрати, производи од железо и челик, лекови, тутун како и вино од свежо грозје. Градежниот сектор, металната и електроиндустријата, хемиската и фармацевтската индустрија, текстилната индустрија, прехранбената и преработувачката индустрија како и туризмот се круцијалните сектори преку кои би се интензивирала соработката и размената меѓу двете земји.

## 5. ЛИТЕРАТУРА

[1] B. Bella, Trade liberalization and revealed comparative advantage, The Manchester School of Economic and Social Studies, vol.33, pp. 99-123, 1965.
[2] B. Harry, On the theoretical interpretation of indices of trade intensity and revealed comparative advantage, Review of World Economics, vol.119, pp. 464-472, 1983.
[3] R. H Ballance,., H. Forstner, & T. Murray, Consistency tests of alternative measures of comparative advantage. Review of Economics & Statistics, vol.69**,** pp.157-161, 1987.
[4] State statistical office of the Republic of Macedonia, Commodity international exchange of the Republic of Macedonia [Online]. Available from: http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=14&rbrObl=23